РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1934/6
28-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1934/1 од 16.07.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, за предметниот случај.

Предметот со број 12-1934/1 од 16.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1934/1 од 16.07.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за искористување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службено лице ///, поранешен директор на ///, затоа што ја вработила ///, која не одела на работа поради постојани боледувања.

Со цел испитување на наводите од пријавата, ДКСК побара податоци, информации и документација од горе означената ЈЗУ, како и од Јавно обвинителство на РСМ и од доставеното произлезе дека предметот нема елементи за натамошно постапување. Во одговорот од ЈЗУ стои изјава потпишана под морална, материјална и кривична одговорност од горе посоченото службено лице, дека нема ќерка со име ///. Следствено, ДКСК одлучи да ја запре

постапката за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц. Р., член

Доставено до:
- Подносителот